**20150120217**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на член 136 став (9) и член 138 став (10) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14), министерот за економија, донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА МАКСИМАЛНАТА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОТВРДА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ КОИ СЕ СОДРЖАНИ ВО ОСНОВНИОТ ПРОЕКТ СЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ КАКО И ЗА МАКСИМАЛНАТА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА ЕНЕРГЕТСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗГРАДА

Член 1

Со овој правилник се пропишува максималната висина на надоместокот за издавање на потврда со која се потврдува дека минималните барања за енергетска ефикасност кои се содржани во основниот проект се во согласност со минималните барања за енергетска ефикасност утврдени во Правилникот за енергетски карактеристики на зградите како и максималната висина на надоместокот за издавање на сертификат за енергетските карактеристики на зграда.

Член 2

Максималната висина на надоместокот за издавање на потврда со која се потврдува дека минималните барања за енергетска ефикасност кои се содржани во основниот проект се во согласност со минималните барања за енергетска ефикасност од Правилникот за енергетски карактеристики на зградите, изнесува:

1) за згради за домување (во станбени куќи со посебен режим, во станбени куќи, во станбени згради, како и згради за групно домување) ................................ 5 денари по m2;

2) за згради за комерцијални и деловни намени (мали комерцијални и деловни единици, големи трговски единици, големи угостителски единици, деловни простори, хотелски комплекси и простори за собири ............................................................... 10 денари по m2;

3) за згради на јавни институции во областа на образование и наука, здравство и социјална заштита, култура и згради на други државни институции.......... 10 денари по m2;

4) за згради за спорт и рекреација ...................................................... 10 денари по m2 и

5) за други видови на згради коишто не се опфатени во точките 1), 2), 3) и 4) на овој член ............................................................................................... 10 денари по m2.

Член 3

Максималната висина на надоместокот за издавање на сертификат за енергетските карактеристики на зграда изнесува:

1) за згради за домување (во станбени куќи со посебен режим, во станбени куќи, во станбени згради, како и згради за групно домување) ................................ 15 денари по m2;

2) за згради за комерцијални и деловни намени (мали комерцијални и деловни единици, големи трговски единици, големи угостителски единици, деловни простори, хотелски комплекси и простори за собири ............................................................... 20 денари по m2;

3) за згради на јавни институции во областа на образование и наука, здравство и социјална заштита, култура и згради на други државни институции.......... 20 денари по m2;

4) за згради за спорт и рекреација ...................................................... 20 денари по m2 и

5) за други видови на згради коишто не се опфатени во точките 1), 2), 3) и 4) на овој член ............................................................................................................ 20 денари по m2.

Член 4

Во максималната висина на надоместокот од членовите 2 и 3 од овој правилник не е вклучен данокот на додадена вредност.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12-620/1
20 јануари 2015 година
Скопје

Министер за економија,
**Беким Незири**, с.р.